РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-941/7
29-04-2026
г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на членот 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19) и членот 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 31- та седница одржана на 22.04.2026 година, ја донесе следната

**ОДЛУКА**

Постапката по предметот број 12-2555/1 од 23.09.2025 година, оформен по пријава против лицето --------- ------------- директор на -------------- -- --------------- -------------------- -- ----, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека за наводите од пријавата постапиле други надлежни органи, при што не утврдиле неправилности во пријавениот случај и нема елементи за натамошно постапување согласно одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Предметот со број 12-2555/1 од 23.09.2025 година како завршен да се архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Од страна на познат подносител, на ден 23.09.2025 година поднесена е пријава против лицето ---------- ------------- директор на -------------- -- --------------- -------------------- -- ---- по која оформен е предмет број 12-2555/1 од 23.09.2025 година.
Во пријавата се изнесени наводи за сомневање за злоупотреба на службената положба од страна на наведеното лице кој во својство на Директор на ------- назначувал раководни лица во институцијата спротивно на законските прописи и на истите им исплаќал незаконски редовен месечен додаток на плата од 10% со цел остварување на дополнителен приход. Исто така наведено е дека лице кое што било вработено во ------------------- со договор на дело во истиот временски период било и претседател на Надзорниот одбор на ---------- и кое што месец дена по неговото ангажирање во предметната институција од страна на директорот било незаконски испратено на обука во Брисел.

Во насока на проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба по предметот, ДКСК побара од Државниот управен инспекторат да изврши надзор во --------- -- ------ со цел да се испита законитоста во работењето односно, дали посоченото лице од предметната пријава постапувал согласно законските надлежности во однос на наведените предметни наводи од пријавата и за исходот да се извести Државната комисија, со достава на прилог документација. Воедно за случајот е побаран надзор и од Државниот инспекторат за труд.

Државниот управен инспекторат до ДКСК достави известување дека од страна на овластен инспектор бил составен Записник за преземени дејствија при извршен вонреден инспекциски надзор број ИП1 БР.20-1415 од 03.10.2025 година, во кој навел дека не се утврдени неправилности во работењето на субјектот, додека во делот на наводите за исплатата на надоместоци, предметот е доставен на надлежно постапување на Државниот инспекторат за труд.

Државниот инспектор на труд до ДКСК достави Известување со прилог документација и по разгледување на истите констатирано е дека: Државен инспектор од областа на работните односи извршил надзор за предметниот случај и изготвил Записник за извршен инспекциски надзор, при што по извршен увид во прибавените докази утврдил дека во врска со пријавените наводи од пријавата не се констатирани неправилности и недостатоци во работењето на субјектот на надзор.

Од сето погоре наведено, ДКСК утврди дека за предметниот случај постапиле други надлежни органи - Државниот управен инспекторат и Државниот инспекторат за труд на РСМ, кои во рамките на своите законски надлежности извршиле вонредни инспекциски надзори при кои не утврдиле неправилности во работењето на субјектот на надзорот – ----- -- ------, поради што ДКСК нема елементи за натамошно постапување.

Поради тоа, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател**

**Адем Чучуљ**

Изготвил: П.Б., Советник
Контролирал:Ј.Ц., Раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., Раководител на сектор
Одобрил: З.Б., Член на ДКСК

Доставено до:
-Подносителот на пријавата